Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ПРИЈАВА
## за регистрација за данокот на додадена вредност за странско лице преку даночен застапник

**ДДВ-01/СЛ-ДЗ**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| ЕДБ | |
| Назив | |
| Седиште | |
| Телефон | |
| е-пошта | |

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | |

## ПРАВЕН ОСНОВ

☐ Регистрација за ДДВ на странско лице ☐ Промена на податоци ☐ Отповикување на регистрација

## ПОДАТОЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Претежна дејност | Шифра | | Опис | |
| Правна форма | | | Датум на почеток на вршење на дејност | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Потписник | ЕМБГ | | Својство ** управител / полномошник* | |
| | Име и презиме | | | |
| | Адреса | | | |
| | е-Пошта | | Телефон | |
| Даночен застапник за целите на ДДВ | ЕДБ / ЕМБГ | | | |
| | Назив / Име и презиме | | | |
| | Адреса | | | |
| | е-Пошта | | Телефон | |

## СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ

☐ Подносителот на пријавата е согласен неговите / нивните лични податоци да бидат предмет на обработка и да се користат во даночна постапка во Управата за јавни приходи.

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

**ДДВ-01/СЛ-ДЗ**

Странско лице кое нема седиште, ниту подружница на територијата на Република Северна Македонија, а кое врши промет на добра и услуги во земјата кои подлежат на оданочување со данок на додадена вредност согласно Законот за данокот на додадена вредност има обврска да се регистрира за целите на данокот на додадена вредност и да назначи даночен застапник за целите на данокот на додадена вредност. Обврската за регистрирација странското лице треба да ја исполни пред отпочнувањето на вршењето на оданочивиот промет на територијата на РСМ.
При регистрација не се зема во предвид вкупниот промет од 2 милиони денари пропишан во членот 51 став (1) од Законот за данокот на додадена вредност. Пријавата за регистрација се доставува од страна на странското лице или од лице овластено од него, лично до Регионалната дирекција на Управата за јавни приходи, според седиштето/живеалиштето на лицето кое е назначено како даночен застапник.
При пополнување на пријавата, податоците внесете ги читливо и целосно, во точно означените полиња. Не впишувајте ништо во полињата кои ги пополнува Управата за јавни приходи.
Во Пријавата ДДВ-01/СЛ-ДЗ задолжително се внесуваат податоците за подносителот:

- **Единствен даночен број (ЕДБ)** - Се впишува ЕДБ доделен од УЈП при регистрација на странското лице кое врши промет на добра и услуги во земјата кои подлежат на оданочување со данок на додадена вредност.
- **Назив** - Се впишува називот на правното лице, кое е наведено при регистрација во УЈП во постапка за доделување на ЕДБ на странското лице кое врши промет на добра и услуги кои подлежат на оданочување со данок на додадена вредност на територијата на РСМ.
- **Седиште / Адреса** - Се наведува полната адреса на лицето кое е назначено како даночен застапник од страна на странското лице (улица, број, населено место, општина) на вистинско седиште (локацијата на која претежно се врши дејноста и која не мора да е иста со адресата на седиштето пријавена во Централниот регистар на РСМ доколку е правно лице). Во случај кога физичко лице е назначено како даночен застапник се наведуваат податоците од лична карта (улица, број, населено место, општина).
- **Телефон** - Внесете го телефонскиот број за контакт на лицето кое е назначено како даночниот застапник.
- **е-Пошта** - Внесете ја електронската пошта за контакт која е пријавена при регистрација во УЈП во постапка за доделување на ЕДБ на странското лице.

## ПРАВЕН ОСНОВ

Означете го со "Х" правниот основ за поднесокот на пријавата.

- **Регистрација за целите на ДДВ** - Се означува во случај кога странското лице отпочнува со вршењето на оданочивиот промет на територијата на РСМ.
- **Промена на податоци** - Се означува во случај кога се врши промена на претходно наведените податоците во Пријавата за регистрација за данокот на додадена вредност, вклучувајќи ја и промената на даночен застапник.
- **Отповикување на регистрација** - Се означува во случај кога странското лице престанува со вршење на оданочив промет на територијата на РСМ.

## ПОДАТОЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ

- **Претежна дејност (шифра и опис)** - Странските лица кои отпочнуваат со вршењето на оданочивиот промет во земјата во полето шифра внесуваат 51999, а во полето опис внесуваат регистрација за ДДВ странско лице.
- **Правна форма** - Во полето Правна форма се впишува ДС-ДДВ странско лице од страна на странските лица кои отпочнуваат со вршењето на оданочивиот промет во територијата на РСМ.
- **Датум на почеток на вршење на дејност** - Обврската за регистрирација за целите за данокот на додадена вредност странското лице треба да ја исполни пред отпочнувањето на вршењето на оданочивиот промет во земјата..

## ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА

- **Потписник** - Внесете го Единствениот матичен број на граѓанинот, Името и презимето, Адресата, е-Пошта и Телефонот на потписникот на даночните пријави на данокот на додадена вредност. Потписник може да биде управителот на фирмата или друго ополномоштено лице за потпишување кај правното лице кое е назначено како даночен застапник. Даночните обврзници - физички лица кои се назначени како даночен застапник од страна на странско лице ги наведуваат своите лични податоци.
- **Даночен застапник за целите на ДДВ** - Внесете го Единствениот даночен број / Единствениот матичен број на граѓанинот, Називот / Името и презимето, Адресата, е-Пошта и Телефонот на назначениот даночен застапник.

## СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ

Означете го полето со "Х" дека сте согласни Вашите лични податоци да бидат предмет на обработка и да се користат во даночна постапка во УЈП.

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ И ПОТПИСНИКОТ

Се пополнуваат податоците за составувачот и потписникот на пријавата.